## Некрстените денови во Македонија (7-19 јануари), период исполнет со религиозен страв и разни магиски заштити



Во верувањата на македонскиот човек посебно важно место има периодот од Божик до Водици, односно според верувањето, од раѓањето на Исус Христос до неговото крштевање. Овие дванаесет денови познати како Некрстени денови, но и како Ристосови или Погани денови според верувањето се најризичните или најопасните денови во годината. Според народните верувања и суеверија дете некрстено и жена леунка се изложени на силно влијание на негативните демони. Иако е познато дека Исус е крстен на триесетгодишна возраст, сепак во народното верување останало дека периодот од раѓањето на Исус (Божик) до крштевањето (Водици) е исполнет со многу активности на негативните демони токму поради тоа што во овој период Исус не бил крстен, а Богородица била леунка. Оттука според верувањето и денес во овој период се активни разни нечисти сили, зли духови, караконџули, вештерки и сл. кои влегуваат во домовите, учествуваат во гозбите и на разни начини се обидуваат да му напакостат на човекот.

Поради тоа како мерки на заштита во овој период не се работат некои потешки работи, не се крштеваат деца, не се оди на печалба и сл. Марко Цепенков забележал дека во овој период „навечер не бидувало да шијат терзиите, ниту жените бидувало да предат и друга работа да работат од Божик до Водици, чунки не била крстена водата и леунка била Богородица.“ Но по Водици откако ќе се крстела водата можело да се оди на туѓина и секакви други работи да се работат. Очигледно во прашање е верувањето дека секоја година токму во овој период активни се лошите духови од кои човекот живеел во религиозен страв, но и со многу магиски заштити.

Верувајќи во моќта на овие демони и живеејќи во религиозен страв човекот прибегнувал

кон разни магиски заштити. Со разни гозби настојувал да ги смилостиви, но и со некои обичаи да ги избрка од својата средина. Такви се василичарските обичаи познати и како бабарски, џамаларски и сл. но и русалиските обичаи и ора. Василичарите познати уште и под името бабари, џамалари, ешкари и сл. со маскирање, но и со правење врева со ѕвонци, клопотарци, со свирки на гајди, со тапани, со песни и ора, со тропање на тенеќиња и сл. ги бркале лошите духови но и болестите, за кои всушност се верува дека се демони во телото на болниот. На сличен начин и русалиите најпрвин со строго придржување кон одредени правила, а потоа и со свирки и најповеќе со замавнување со сабјите ги бркаат негативните демони и болестите. Затоа русалиите играјќи ги русалиските ора замавнуваат со сабјите низ воздухот, се затрчуваат кон некој болен и замавнуваат со сабјите кон него, затоа болно дете држат во рацете додека играат и сл. Припадниците на овие русалиски дружини со задоволство биле примани во секој дом и биле дарувани со: грав, месо, вино, волна и др. А подароците никогаш не ги земале за себе туку со јавно наддавање ги претворале во пари и ги дарувале за изградба на црква, училиште, пат, чешма и сл. Затоа кога по дванаесетте дена изморени се враќале дома биле среќни што учествувале во хумана мисија. За нив останувале само личната среќа и задоволство и добриот глас кај пошироката околина.

Кузман Шапкарев уште во 1884 година објавил посебно издание за Русалиите во јужна Македонија при што дал детални описи на овие обичаи во Кукуш и околината. „Од прв ден Божик (Раѓање Христово) до Водици (Богојавление) цели дванаесет дена, во кои, како што ги наречуваат „Погани денови“, жените ниту перат, ниту се капат, ниту децата си ги капат, се собираат од селата дури и од град Кукуш дружини по име Русалии и шетаат од куќа в куќа, од село в село, играјќи ги русалиските игри и собираат пари или било какви други подароци во корист на некоја црква најчесто новоизградена“. К. Шапкарев натаму сведочи дека секоја русалиска дружина се состоела од 20-30 момчиња или мажи, од 20-40 годишна возраст, секогаш чифт или поточно да се каже од 10-30 двојки кои се неразделни еден од друг како двете раце или двете нозе на едно тело. Секоја дружина си имала свои свирачи и тапанџии. Првите двајца се викале Балтаџија и Кесеџија, првиот од следните двајца со кого практично започнува орото се викал Јузбашија. Секоја дружина си имала и по двајца Чауши кои оделе од страна, паралелно со танецот едниот напред, а другиот назад и уште 2-4 слуги. Балтаџијата во десната рака носел секира, а сите други голи мечови исправени нагоре со врвовите. Носеле специјална свечена облека со две црвени шамии прекрстени на градите.

Стефан Верковиќ забележал дека во Долновардарско, во егејскиот дел на Македонија „са ублечуваат уф кошуљци или фустан, црвена шервета, преврзана на г'рдите от десното рамо на левата мишка и от левото рамо на десната мишка; в р'ците носат кал'чка, исправена на горе, а ножничката и на појасут, која е облечена сус везена риза. От ка се зафатат да играат, дур да сврșат, не са крстат на ‘л'п, на легнувајне, нити пак кога пијат вино. Не зборуваат ич, с'лде сус р'ка показват и сус уста мучат.“

Како што пишуваат истражувачите на овие русалиската дружина најпрвин одела во црквата каде што земала причесна и благослов од свештеникот, а потоа тој ги прскал со светена вода и дури потоа излегувале пред црквата каде што заигрувале три ора, пред да тргнат на дванаесетдневно патување и изведување на овие обичаи.

По пристигнувањето во некое село Русалиите најпрвин го посетувале попот или кметот каде што барале одобрение да играат соопштувајќи ги своите цели. Откако ќе добиеле одобрение тргнувале по ред по куќите. Се верувало дека секоја куќа во која што ќе играат русалиите ќе биде заштитена од болест, ќе има среќна година и богат берикет. Затоа во селото во кое ќе дојделе русалии никој не работел туку сите се труделе да им угодат на играчите. Ако некои играчи биле заморени од повеќедневното континуирано играње се јавувале некои лица од селото кои ги заменувале без надомест. Над секоја врата зарежувале крст, а ако во куќата имало болен тројца играчи се затрчувале кон неговата постела замавнувале со сабјите вкрстувајќи ги и верувале дека со тоа ја плашат и ја бркаат болеста. Ако пак имало болно дете го земале во рацете и играле со него, исто така верувајќи дека од тоа болеста ќе го напушти. За тоа биле богато дарувани. Ако русалиската дружина подолго време се задржела во селото тука останувала и на спиење, а за секоја куќа се сметало за голема чест да прими на конак еден или двајца русалии.

Се внимавало да не се сретнат две русалиски дружини. Во такви случаи требало едната дружина да и признае надмоќ на другата и да помине под сабјите на играчите од посилната дружина. Бидејќи никој не сакал да покаже слабост доаѓало до тепачки со смртни последици, а загинатите ги погребувале на самото место на настаните поради што многу топоними се познати како русалиски гробишта. Стефан Верковиќ запишувајќи дека: „Да се сретнат една чета сус друга, са истепуват. Оште суштествуваат ду денеска гробишта по п'тишта и друмове, што са велат Русалијцки“, во забелешка додал дека „На едно село Оризарци, Воденцка епархија, б’а са убиле четворица пред 4 години.“ Од овие причини како што запишал Шапкарев секој учесник во овие обичаи пред да тргне се простувал со домашните и со сите роднини со прегрнување и бакнежи како да оди на војна зашто не се знаело дали назад ќе се врати здрав и жив. Во поново време ваквите средби се решавале со договор. Помалубројната чета минувала под сабјите на помногубројната и на тој начин не се сметала за навредена, а и инцидентите се избегнувале.

Членовите на една русалиска дружина се придржувале кон повеќе строги правила. Така на пр. во текот на сите 12 дена молчеле, не смееле да се поздравуваат ниту да се крстат, ниту да благословуваат, не смееле да се вртат назад, не смееле да газат вода,

не смееле да спијат со жените, ниту да пијат вино итн. Русалиите не влегувале во куќа во која знаеле дека има леунка, а и самата леунка кога ќе ги видела бегала и се криела сметајќи се уште за нечиста.

Русалиите ги завршувале своите игри еден ден пред Водици, на Нејатка или Водокрст во очи на Богојавление. Враќајќи се во селото прво оделе во црквата каде што свештеникот пеел молитва. Се верувало дека оној русалија кој по дванаесет дена играње нема ваква молитва ќе полуди. Оваа молитва се изведувала по строги правила и над секој играч посебно. Во црквата влегувале со сабјите нагоре, а излегувале по молитвата откако ќе бакнеле икона и ќе биле попрскани со светена вода и со сабјите свртени со врвот надолу како поклон и прифаќање на новата вера. По овој чин како вистински христијани се крстат, држат свеќи во рацете и бакнуваат икони.

Во поглед на потеклото на името Русалли во науката доминираат две гледишта. Според П. Ј. Шафарик зборовите Русалии, Русалки се од словенско потекло и означувале почитувани женски суштества што ги сметале за божици на реките и потоците. Шафарик уште тврди дека Словените реките ги обожавале како живи суштества Русалки. Според Ф. Миклошиќ, пак, зборот Русалии доаѓа од латинскиот збор роза. Цвеќето ружа во Рим било поврзано со празникот Духови и оттука дошло и Русалии. Тоа значело, свеченост, празник на ружата.

Во Гевгелиско каде што најдолго се задржале овие обичаи и верувања Вера Кличкова забележала една легенда во која се раскажува дека „името русалии дошло од цвеќето роза-трендафил, кое го украл од градината на некоја мома еден ерген што го заљубила. Родителите на момата биле против оваа љубов и, поради тоа, двајцата млади се удавиле во планинското езеро - Вирот, и тоа прво момчето, прогонувано од браќата на момата за нанесената срамота, а потоа и момата од голем мерак за него. Оттогаш се прославуваат овие денови. Затоа останало русалиите, при играњето да носат сабји, а дружините да биде составена од 32 души, како алузија на тоа што езерото се полнело од 32 извора”.

Очигледно е дека се работи за стари пагански обичаи за бркање демони кои подоцна до извесен степен примиле некои христијански елементи. Тоа се гледа не само од овие молитви на почетокот и крајот од овие 12 денови туку и од прекрстувањето на шамиите на градите, крстовите на капите, прекрстувањето на сабјите при играњето на русалиските ора, примањето на благослов од свештеникот итн.